**620.**

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за Инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/97, 29/02, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/20), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ ОПОМЕНИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи рубрики за: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена, живеалиште/престојувалиште, назив и седиште на работодавачот, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот на труд кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1365/6
16 февруари 2021 година
Скопје

Министер за труд и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**621.**

Врз основа на член 83 став 7 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 4.2.2021 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Глоѓи, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Глоѓи, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската Општина Глоѓи.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0917-2076/1
4 февруари 2021 година
Скопје

Директор,
м-р **Борис Тунцев**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**622.**

Врз основа на членовите 158-б став (1) точка 4 и 158–ѕ точка 1) а во врска со член 112 став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 31/20), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 15.2.2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР**

**Општи одредби**

Член 1

Со овој Правилник се пропишува потребната документација за добивање дозвола за работа како овластен актуар од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: законот).

**Потребна документација за добивање на дозвола за работа како овластен актуар**

Член 2

(1) За добивање на дозвола за работа како овластен актуар до Агенцијата се доставува Барање за добивање на дозвола за работа како овластен актуар.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се доставува исклучиво на пропишаниот образец: “Барање за добивање дозвола за работа како овластен актуар (Образец Б-ДА)” кој е даден во Прилог 1 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член, лицето ја доставува следната документација:

1. Лична карта – на увид;

2. Диплома или Уверение за завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен или 240 кредити според европскиот кредит трансфер систем) издадена од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија. Доколку лицето образованието го стекнало во странство, заедно со Уверението/Дипломата се доставува и документ за признавање (нострификација) на дипломата/уверението издаден од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија;

3. Потврда за стекнато најмалку едногодишно работно искуство во областа на осигурувањето или супервизија на осигурувањето издадена од работодавец каде лицето го стекнало искуството, со наведување на работните задачи кои лицето ги извршувало и периодот на неговиот ангажман во субјектот и договор за работа или друг вид на договор склучен со работодавецот со кој се докажува стекнатото искуство во областа на осигурувањето односно супервизија на осигурување;

4. Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка;

5. Потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;

6. Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надрисписарство од Кривичниот законик;

7. Извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме, доколку личното име и презиме на документите од точка 1, 2, 3, 4, 5 или 6 од овој став не е идентично со оние наведени во барањето од став (1) на овој член;

8. Изјава дека на лицето не му е одземена дозволата за работа како овластен актуар; и

9. Доказ за платен надоместок за издавање дозвола за работа како овластен актуар согласно Тарифникот на Агенцијата.

(4) Покрај документација од ставот (3) на овој член, Агенцијата од својата службена евиденција обезбедува доказ дека лицето има положено стручен испит потребен за работа како овластен актуар односно положен стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија (уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар односно уверение за положен стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија).

(5) Потврдата од ставот (3) точка 6) од овој член, Агенцијата по службена должност ќе ја прибави од надлежен суд (доколку истата не е поднесена од барателот).

**Форма на доставување на документација**

Член 3

(1) Документацијата која се доставува кон барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар од член 2 став (3) од овој правилник треба да да биде во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишана од овластено лице или од соодветен надлежен орган, да биде чиста, без дополнителни исправки и на македонски јазик. Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен преведувач и заверен кај нотар.

(2) Изјавата која е дел од документацијата која се доставува кон барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар од член 2 став (3) точки 4 и 8 од овој правилник треба да биде заверена кај овластено лице (нотар).

(3) Изјавата која е дел од документацијата која се доставува кон барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар од член 2 став (3) точки 4 и 8 од овој правилник и потврдите од член 2 став (3) точки 5 и 6 од овој правилник не смее да бидат постари од шест месеци пред денот на поднесување на барањето за добивање дозвола.

(4) Агенцијата разгледува и одлучува по барања за добивање дозвола за работа како овластен актуар од член 2 од овој правилник со комплетна документација. Под комплетна документација се подразбира документацијата пропишана со член 2 од овој правилник.

**Одлучување по барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар**

Член 4

(1) При одлучувањето по барањето за добивање на дозвола за работа како овластен актуар од член 2 став (1) од овој Правилник, Агенцијата оценува дали лицето ги исполнува условите предвидени во Законот за супервизија на осигурување.

(2) Врз основа на оценката од став (1) на овој член, Агенцијата донесува решение за издавање на дозвола за работа како овластен актуар или за одбивање на барањето, во рокот утврден во законот.

**Завршни одредби**

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за потребната документација за добивање дозвола за актуар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 119/2011).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-240/1
15 февруари 2021 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

**Прилог 1**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме на барателот** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде дозвола за работа како овластен актуар.

Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) од Правилникот за потребната документација за добивање дозвола за работа како овластен актуар освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање дозвола за работа како овластен актуар се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен или 240 кредити според европскиот кредит трансфер систем) издадена од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија или документ за признавање на странска универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија |
| 2. | Уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар или Уверение за положен стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија, доколку квалификацијата за актуар лицето ја стекнало во странство |
| 3. | Потврда за стекнато најмалку едногодишно работно искуство во областа на осигурувањето или супервизија на осигурувањето издадена од работодавец каде лицето го стекнало искуството, со наведување на работните задачи кои лицето ги извршувало и периодот на неговиот ангажман во субјектот и договор за работа или друг вид на договор склучен со работодавецот со кој се докажува стекнатото искуство во областа на осигурувањето односно супервизија на осигурување |
| 4. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |

| | |
|---|---|
| 5. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 6. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик[1] |
| 7. | Доказ за платен надоместок за издавање дозвола за работа како овластен актуар согласно Тарифникот на Агенцијата |
| 8. | Извод од матична канига на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме* |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата.

Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање дозвола за работа како овластен актуар да се користат за целите на издавање на дозвола за работа како овластен актуар согласно Законот за супервизија на осигурување.

Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

**Датум и место на поднесување**

**_____._______20____ година,_____________**

[1] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2 став (3) точка 6 од Правилникот за потребната документација за добивање дозвола за работа како овластен актуар (доколку истата не е поднесена од барателот)